МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

ЕКОНОМИЈА

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

ЗА IV ГОДИНА

Скопје, 2003 година

Наставната програма ја одобри (донесе) Министерот за образование и наука со решение бр. 07-8142/1 од 24.12.2003 ґодина.

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ЕКОНОМИЈА

1.2. Вид на средно образование: гимназиско

1.3. Година на изучување на наставниот предмет: четврта година

1.4. Број на часови на наставниот предмет

1.4.1. Број на часови неделно: 3 часа
1.4.2. Број на часови годишно: 99 часа

1.5. Статус на наставниот предмет: изборен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по наставниот предмет *економија* е учениците да стекнат знаења за основните економски закони и категории од областа на микроекономијата и макроекономијата, како дел од современата економска наука, со цел самостојно разбирање и објаснување на економските појави.

Од општата цел на наставата по предметот *економија* произлегуваат и следниве посредни цели:

- ученикот да се запознае со основните поими на економијата како наука;
- да ги објасни основните елементи, фактори и кривите на понудата и побарувачката;
- да ги идентификува основните економски категории (вкупен производ, маргинален производ и просечен производ);
- да го определува влијанието на различните видови на трошоци врз приходите и добивката;
- да ја споредува совршената конкуренција како модел за идеално ефикасен економски систем од непотполната конкуренција (монопол и олигопол);
- да ги објасни факторите на производство и нивното пазарно вреднување;
- да ги сфати наемнините, понудата и побарувачката на трудот, како и врамнотежувањето на пазарот на трудот;
- да го објасни значењето на регулацијата и дерегулацијата на стопанските сектори;
- да ги објасни основните макроекономски поими;
- да ја сфати суштината на бруто националниот производ и неговото мерење (пресметување);
- да ја објасни суштината на инфлацијата и причините за невработеноста;
- да ги разбере доминантните теории за улогата на државата, како и суштината на фискалната и монетарната политика;
- да ја објасни суштината на меѓународната трговија, билансот на плаќање и девизниот курс;
- да развива професинален однос, чувство за тимска работа и почитување на законите на пазарната економија.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини од наставниот предмет *економија*, односно за постигнување на поставените цели, потребни се основни знаења стекнати од наставните предмети социологија и историја.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ВОВЕД ВО ЕКОНОМСКАТА НАУКА	**8**	Ученикот: - да сфати зошто луѓето ја изучуваат економијата; - да ги разликува основните економски концепции за предметот на проучување на економијата; - да ги објасни факторите за производство и ресурсите; - да ги идентификува инпутите и аутпутите; - да го сфати централниот економски проблем што, како и за кого да се произведува.	Се презентира видеоснимка или се води дискусија на тема основни економски принципи. Се организира групна работа на тема "Зошто ја изучуваме економијата" и се поттикнува презентирање на резултатите од групната работа од страна на групите, се води дискусија и се донесуваат заеднички заклучоци со учениците.	*1. Социологија*
2. ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ПОБАРУВАЧКА-ТА И ПОНУДАТА	**8**	- Да ги разликува основните елементи на побарувачката и факторите кои ја условуваат; - да ја објасни и илустрира графички кривата на побарувачката; - да ги разликува основните елементи на понудата и факторите кои ја условуваат;	Се води насочена дискусија за понудата и побарувачката. Графички се прикажува кривата на понуда и побарувачка со примена на хамер, графоскоп или ЛЦД проектор.	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Со претходната тематска целина.

		- да ја објасни и илустрира графички кривата на понудата; - да го објасни значењето на точката на врамнотежување на понудата и побарувачката ("чистење на пазарите").		
3. ОСНОВИ НА ТЕОРИЈАТА ЗА ПРОИЗВОД-СТВОТО	**6**	- Да го објасни значењето на производната функција; - да го сфати вкупниот, просечниот и маргиналниот производ; - да ги објасни факторите на производство од аспект на нивните комбинации.	Се организира и координира групна работа за прикажување на производните функции, вкупен, просечен и маргинален производ, преку презентација на резултатите од групната работа со графичко и табеларно прикажување на маргиналистичката анализа и донесување на заеднички заклучоци со учениците. Се користи хамер, ЛЦД проектор или графоскоп.	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Со претходните тематски целини.
4. АНАЛИЗА НА ТРОШОЦИТЕ	**6**	- Да искаже дефиниција за поимот трошоци; - да ги разликува вкупните и просечните трошоци; - да ги разликува фиксните и варијабилните трошоци;	Се користат табеларни прикази и формули во објаснувањето на трошоците. Се координираат и се водат истражувачки проекти за	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Тематска целина: - Основи на теоријата за производството.

		- да ја објасни поврзаноста помеѓу приходите, добивката и трошоците; - да го објасни значењето на маргиналните и опортунитетните трошоци.	анализа на трошоците преку тимска работа на учениците. Се организираат вежби преку групна или тандемска работа на учениците за пресметка на трошоците. Се применува ЛЦД проектор или графоскоп.	
5. ПАЗАРНА СТРУКТУРА	7	- Да ги разликува видовите на пазарни структури; - да ја сфати совршената конкуренција и непотполна конкуренција; - да го разбере монополот и бариерите за влез; - да го објасни ограничувањето на конкуренцијата кај олигополот – колузија.	Се развива и се води дискусија за одделните видови на пазарни структури. Се координира изготвување на проекти за одделни облици на конкуренцијата преку групна работа, со презентирање на резултатите од проектите. Се поттикнува симулација на реални ситуации. Се организира посета на учениците на некој монопол.	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Тематска целина: - Основни елементи на понудата и побарувачката.

6. **ФАКТОРИТЕ НА ПРОИЗВОДСТВО И НИВНОТО ПАЗАРНО ВРЕДНУВАЊЕ**	6	- Да искаже дефиниција за поимите цени и доход на факторите на производство; - да ја објасни побарувачката на факторите на производството; - да го сфати капиталот и формирањето на каматната стапка; - да го согледа значењето на земјата како фактор на производството и одредување на земјишната рента; - да ја истакне поврзаноста на претприемништвото и профитот.	Се објаснува, табеларно се прикажува и се употребува формула за земјишна рента. Се поттикнува користење на информации од списанија и стручна литература. Се организираат вежби преку тандемска или групна работа за одделните фактори на производство и се презентираат резултатите. Насочено се води дискусија за влијанието на претприемништвото врз профитот.	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Тематска целина: - Основи на теоријата за производството.
7. **НАЕМНИНИТЕ И ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ**	6	- Да го објасни поимот и видовите наемнина; - да ги идентификува разликите во платите; - да ја објасни понудата и побарувачката на трудот (пазарот на трудот); - да го сфати значењето на пазарот на труд; - да го објасни врамнотежувањето на пазарот на труд.	Се организира и се координира дебата за пазарот на труд. Се поттикнува користење на Интернет за прибирање на информации со цел подобро совладување на темата.	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Тематска целина: - Фактори на производството и нивно пазарно вреднување.

8. РЕГУЛАЦИЈА И ДЕРЕГУЛАЦИЈА НА СТОПАНСКИТЕ СЕКТОРИ	**6**	- Да ги објасни основните домени на пазарниот неуспех; - да ја сфати државната интервенција и државната регулација; - да ја истакне улогата на приватизацијата како глобален економски процес (дерегулацијата на државата).	Се објаснува и се поттикнува дискусија за регулација и дерегулација на стопанските сектори. Се поттикнуваат учениците да прибираат информации за приватизацијата и се води дискусија на оваа тема.	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Со претходната тематска целина.
9. ОСНОВНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ПОИМИ	**8**	- Да ја разликува макроекономијата наспроти микроекономијата; - да ги идентификува целите и инструментите на макроекономската политика; - да ја разбере агрегатната понуда и агрегатната побарувачка; - да ја сфати макроекономската рамнотежа; - да ги објасни нарушувањата на макроекономската рамнотежа.	Се објаснува, се дискутира и се врши споредба на макроекономијата со микроекономијата. Се презентира графички приказ на агрегатната понуда и агрегатната побарувачка со употреба на графоскоп или ЛЦД проектор. Се објаснуваат и се презентираат примери од практиката за макроекономска рамнотежа и нејзините нарушувања. Се користи стручна литература и списанија каде се обработуваат теми и содржини од	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Тематски целини: - Вовед во економската наука.

			областа на макроекономијата. Се организира проектна работа на учениците за аграгатната понуда и побарувачка.	
10. НАЦИОНАЛЕН ПРОИЗВОД И ДОХОД	**9**	- Да го објасни поимот и суштината на бруто националниот производ; - да ги разликува начините на мерење (пресметување) на бруто националниот производ; - да го објасни номиналниот, реалниот, фактичкиот и потенцијалниот бруто национален производ – GNP (наменска распределба).	Се објаснува и се дискутира за бруто националниот производ. Се организира групна работа со учениците за двата начина на мерење (пресметување) на бруто националниот производ. Се објаснува и се врши според-ба меѓу номиналниот, реалниот, фактичкиот и потенцијалниот бруто национален производ при што се користат податоци од Заводот за статистика и од стручната литература од оваа област.	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Тематски целини: - Основите на теоријата на производството; - Фактори на производство и нивното пазарно вреднување.
11. НЕВРАБОТЕНОСТ И ИНФЛАЦИЈА	**10**	- Да го објасни поимот, суштината и причините за невработеност; - да го објасни поимот, суштината и видовите на инфлацијата; - да ја сфати модерната теорија на невработеноста и инфлацијата (Филипсова крива на кус и долг рок).	Се објаснува, се дискутира за поимот и суштината на невработеноста и се презентираат примери од практиката за причините на невработеност.	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Со претходните тематски целини.

		(Филипсова крива на кус и долг рок).	невработеност.	
			Се води дискусија за видовите инфлација при што се презентираат податоци од Интернет, стручната литература и списанија кои можат да бидат собрани и презентирани од учениците. Се презентира Филипсовата крива на кус и долг рок со употреба на графоскоп или ЛЦД проектор.	
12. ДРЖАВАТА И СТОПАНСТВОТО	9	- Да ги разбере доминантните економски теории за улогата на државата; - да ја објасни фискалната политика (јавни приходи, јавни расходи и буџет); - да го сфати даночниот систем и видовите даноци; - да ја сфати суштината на монетарната политика.	Се објаснува и се дискутира за доминантните теории за улога-та на државата во стопанството и се споредуваат нивните разлики. Се презентира шематски приказ на структурата на буџетот (јавните приходи и расходи) и се објаснува суштината на фискалната и монетарната политика. Се објаснува и дискутира за даноците и даночниот систем.	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Тематска целина: - Регулација и дерегулација на стопанските сектори.

			Се презентира шематски приказ за видовите даноци со употреба на хамер или графоскоп. Се презентираат примери од пракса за видовите даноци (на пример, за данокот на додадена вредност, персоналниот данок и сл.).	
13. МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА	**10**	- Да ги разликува основните облици на меѓународната трговија; - да го сфати протекционизмот и слободната трговија; - да го објасни поимот и суштината на девизниот курс; - да го објасни поимот и суштината на билансот на плаќање.	Се објаснува и се дискутира за значењето на меѓународната трговија. Се презентираат примери од секојдневниот живот во врска со меѓународните економски односи и се развива дискусија со учениците. Се објаснува, се поттикнува и се организира групна работа на учениците за девизите и девизниот курс. Се презентира табеларен приказ на билансот на плаќање со употреба на хамер, графоскоп или ЛЦД проектор.	*1. Економија за IV година (изборен предмет)* Со претходните тематски целини.

		или ЛЦД проектор.	

4.2. Наставни методи и активности на учење

За реализација на наставата по наставниот предмет *економија*, согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни *наставни методи,* ќе се користат: водење на насочена дискусија, демонстрација, играње на улоги, решавање на проблеми и симулација на реални ситуации, учење преку сопствено откривање, слободни задачи, тимска настава и сл.

Активности на ученикот: да дискутира, да применува правила и законитости, да набљудува, да слуша, да прибележува, да повторува, да објаснува, да чита, да презентира, да открива во група и независно, да размислува критички, да дава свој суд, да работи домашни задачи.

Активности на наставникот: организира, планира, подготвува настава, дава инструкции за работа, поттикнува на дискусии, објаснува, поставува прашања, оценува и поттикнува на самооценување од страна на учениците, симулира процеси и реални ситуации, презентира.

4.3. Организација и реализација на наставата

Процесот на учење во наставата по наставниот предмет *економија* се изведува преку теоретска настава во училница каде што учениците ќе стекнуваат, пред сè, когнитивни и афективни компетенции, преку организирани посети на трговски друштва и институции, организирани информативни средби, разговори и дискусии со претставници – стручни лица од практиката, во училиштето или во институциите и трговските друштва, со цел да се интегрираат знаењата и ставовите со практичните умеења на учениците. Наставата по овој наставен предмет, се реализира и преку индивидуални домашни задачи, кои можат да се изведуваат дома и во училиштето.

Образовните активности по предметот *економија,* се организирани во две полугодија, четири тримесечја и неделен распоред на часовите.

4.4. Наставни средства и помагала

За поуспешна реализација на целите на наставниот предмет *економија* потребно е да се користи: графоскоп, графофолии, ТВ, видеорикордер, видеоленти, компјутерска опрема, LCD проектор, публикации, шеми и други наставни средства и помагала согласно Нормативот.

Литература потребна за реализација на наставата, како за наставниците така и за учениците е учебник за овој наставен предмет, наставни помошни материјали, стручни списанија, публикации и сл.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирано следење во текот на учебната година, усно и писмено, писмените извештаи за реализирани активности на учениците, креативноста, постигнувањата и резултатите од тимската работа, индивидуалните домашни задачи, покажан интерес и активно учество на учениците на часовите.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат со најмалку две оценки за секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки. Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма, се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да го мотивира и да влијае позитивно на ученикот со својот начин на изразување, углед, појава, подготвеност за дополнителна работа, образование, систем на вредности и идеали; да соработува со другите наставници, стручни работници, социјални партнери, стручни институции; да поседува способност за изведување на настава и комуникација со учениците; да поседува способност за примена на современа образовна технологија; да поседува способност за планирање, организирање, воведување новини во наставниот процес, како и способност за професионално и педагошко самообразување; да е комуникативен и креативен.

6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по економија VII-1, со здобиени педагошко - психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

... VII-1, со здобиени педагошко - психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

За реализација на Наставната програма по *економија* ќе се користи училница опремена со наставни средства, помагала и опрема согласно Нормативот.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: ноември 2003 година

7.2. Состав на работната група:

1. Снежана Димовска, советник, Биро за развој на образованието, Скопје, раководител
2. Д-р Таки Фити, професор, Економски факултет, Скопје
3. Лила Дамеска, наставник, ДСЕПУ "Васил Антевски - Дрен", Скопје
4. М-р Илир Хоџа, наставник, ДСУЕБ "Арсени Јовков", Скопје
5. Предраг Јакимовски, советник, Стопанска комора на Македонија, Скопје

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2004 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *економија,* ја одобри (донесе) : _____
_____ со решение бр. _____ од _____ година.